## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 23, став (5) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16 и 71/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО, НАЧИНОТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНИ ЕТИКЕТИ

**Член 1**

Во Правилникот за форма и содржина на барањето, начинот и висината на надоместокот за издавање на официјални етикети („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/15) членот 5 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за издавање на официјални етикети за семенски и саден материјал кај земјоделските растенија (печатење на етикети, материјални трошоци за издавање и друго) по категории и по еден примерок со вклучен данок на додадена вредност изнесува:

А) за семенски материјал

- официјални етикети за предосновно семе 4 денари;
- официјални етикети за основно семе 4 денари;
- официјални етикети за сертифицирано семе од I ген 2 денари;
- официјални етикети за сертифицирано семе од II ген. 2 денари;
- самолепливи етикети за семиња 3 денари;
- етикети за трговско семе 4 денари;
- неконечно сертифицирано семе 4 денари;

Б) за саден материјал

- официјални етикети за стандарден (САС) материјал од лозови насади 4 денари;

- официјални етикети за сертифициран материјал од лозови насади 4 денари;

- официјални етикети за стандарден (САС) материјал од овошни насади 3 денари;

- официјални етикети за сертифициран материјал од овошни насади 4 денари;

- официјални етикети за украсни растенија 4 денари;

- официјални етикети за градинарски растенија - расад 4 денари“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 26-103/1
27 февруари 2018 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.